**Република Северна Македонија**
**Државен инспекторат за животна средина**
**Палата "Емануел Чучков", ул.“Павел Шатев“ бр.2, 5-ти спрат**
**http://www.sei.gov.mk/**

**Решение број ИП1- 09-59**
**од 31.08.2023 година**

Државниот инспекторат за животна средина, преку Виш водостопански инспектор Тони Димески, со службена легитимација број 06-0015, изврши **редовен** инспекциски надзор над субјектот на инспекциски надзор Друштво за производство, трговија и услуги **МИРАНА** Мирсинова Ана ДООЕЛ експорт-импорт Велес, со деловно седиште на ул.“ Благој Нечев“ бр. 49 1400 Велес, застапувано од Ана Мирсинова, Управител со со Записник број ИП1-09-59 од 29.08.2023 год. ја утврди фактичката состојба и врз основа на член 230 став (2) и член 234 став (2) од Закон за водите (“ Службен весник на РМ “ бр. 87/2008; 6/2009; 161/2009; 83/2010; 51/2011; 44/2012; 23/2013; 163/2013; 180/2014; 146/2015;52/2016 и 151/2021) како и член 83 став (2) од Закон за инспекциски надзор (Службен весник на РМ бр.102/2019), го донесе следното:

## **Р Е Ш Е Н И Е**

1) **Се ЗАДОЛЖУВА** субјектот на инспекциски надзор Друштвото за производство, трговија и услуги ДПТУ МИРАНА Мирсинова Ана ДООЕЛ експорт-импорт Велес, со деловно седиште на ул.“ Благој Нечев“ бр. 49 1400 Велес, со ЕДБС 4004999109667 и ЕМБС 5349559 , за недостатоците утврдени со записникот :

- **во бетонската шахта од експлотационият бунар ЕБ-1, да вгради (инсталира) мерен уред – водомер**, **а за податоците од измерените зафатени (исцрпени) количини на вода од бунарот, да се води редовна евиденција еднаш месечно**.

- **да го пресмета и уплати надоместокот за користење на вода за технички потреби, во висина од 2% од утврдената цена за метар кубен вода на давателот на услугата за снабдување со вода, согласно член 213 од Законот за водите (за период од Март 2023 г. до поставување на мерен уред-водомер)**.

2) Рок за извршување на изречената инспекциска мерка од точка 1) на ова решение, е **30 (триесет) дена**, од приемот на ова решение .

3) Субјектот на инспекциски надзор, е должен веднаш по истекот на рокот определен за извршување на инспекциската мерка, а најдоцна во рок од три дена, писмено и/или по електронска пошта (**t.dimeski@sei.gov.mk**) да го извести инспекторот, дали е извршена инспекциската мерка.

4) Жалбата изјавена против ова решение, не го одлага неговото извршување.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Државниот инспекторат за животна средина врз основа на член 230 став (1); став (3), а во врска со член 26, 28, 29 и 213 од Закон за водите (Службен весник на РМ бр.87/2008;6/2009;161/2009; 83/2010; 51/2011; 44/2012; 23/2013; 163/2013; 180/2014; 146/2015; 52/2016 и 151/2021), преку Тони Димески, Виш водостопански инспектор, со службена легитимација број 06-0015, изврши **редовен** инспекциски надзор над субјектот на инспекциски надзор, Друштво за производство, трговија и услуги МИРАНА Мирсинова Ана ДООЕЛ експорт-импорт Велес, со деловно седиште на ул.“Благој Нечев“ бр.49, 1400 Велес, застапуван од присутното лице Сања Питиќева Велкова со состави Записник број ИП1-09-59 од 29.08.2023г. во кој е констатирана следната состојба:

Правното лице Друштво за производство,трговија и услуги МИРАНА Мирсинова Ана ДООЕЛ експорт-импорт Велес, снабдувањето со вода наменета за технички, индустриски, технолошки и стопански потреби во фабриката за производство на прехрамбени производи го врши од подземно водно тело експлоатационен бунар ЕБ1.Водното право е обезбедено врз основа на Дозвола за зафаќање и снабдување со подземна вода **бр.УП1-11/5-1153/2022 од 07.02.2023 год.** издадена од Министерство за животна средина и просторно планирање, согласно член 26 и 28 од Закон за водите. Рокот на важење на оваа дозвола е 6 (шест) години.

Од извршениот теренски увид во присуство на овластен претставник на правниот субјект ДПТУ МИРАНА ДООЕЛ Велес, се констатира следната фактичка состојба : Исцрпената и зафатена вода од експлотациониот бунар ЕБ-1 се користи за технички, индустриски и стопански потребите во фабриката за производство на прехрамбени производи (маргарин, кечап, мајонез, сенф, оцет и др.). Системот за водоснабдување со техничка вода во процесот на ладење при производство на пластични бризгани амбалажи и во процесот на ладење при производство на кечап, се состои од експлоатационен бунар ЕБ-1 со длабина од 34 м. и вградена потопна пумпа. Од бетонската бунарската шахта, преку вкопано подземно ПЕ црево НД 32/10 бари, исцрпената и зафатена вода од бунарот се доведува до производниот процес во фабриката.

Согласно условите и обврските утврдени во дозволата, експлотациониот бунар ЕБ-1 се наоѓа на локација КП 16955/1 КО Велес, општина Велес, со кординати на локацијата на местото на зафаќање Y=7 563 583 и X=4 619 477. Максимално дозволено количество на вода која се црпи од експлотациониот бунар ЕБ-1, изнесува 4 л/сек. Бунарот ЕБ-1 е сместен во бунарска бетонска шахта, покриена со метален капак. На местото на зафаќање на подземната вода од бунарот, **<u>НЕМА вградено мерен уред – водомер,</u>** за следење и мерење на зафатената количина на вода која се црпи, зафаќа и користи. За податоците од измерените зафатени - исцрпени количини на вода од бунарот треба да се води редовна евиденција најмалку еднаш месечно.

Носителот на дозволата правниот субјект ДПТУ МИРАНА ДООЕЛ Велес, должен е да го пресметува и да го плаќа еднаш месечно, надоместокот за користење на вода за индустриски и технолошки потреби, во висина од 2% од утврдената цена за метар кубен вода на давателот на услугата за снабдување со вода, согласно член 213 од Закон за водите и должен е да доставува квартално Извештај за извршена уплата на трезорската сметка наведена во дозволата, до Министерството за животна средина и просторно планирање.

Носителот на дозволата, правниот субјект ДПТУ МИРАНА ДООЕЛ Велес,за периодот од Март 2023 год. до поставувањето на мерен уред - водомер, да го пресмета и уплати надоместокот за користење на водата за технички потреби, во висина од 2% од утврдената цена за метар кубен вода на давателот на услугата за снабдување со вода, согласно член 213 од Закон за водите, за искористена вода според динамиката на користење на водата согласно податоците од техничката документација за бунарот дадена во табелата во точка 2.1.4 од дозволата со бр.УП1-11/5-1153/2022 од 07.02.2023 год.

Пресметаниот надоместок за користење на вода за технички потреби да се уплати на : Наменска трезорска сметка во рамки на Единствена трезорска сметка, преку која се врши - уплата на паричните средства за надомест за користење на вода,

**Назив на примачот – Буџет на РМ**
**Банка на примачот – Народна банка на РМ**
**Сметка – единствена трезорска сметка 100000000063095**
**Приходна шифра и програма – 718145**
**Уплатна сметка – 840***07197**
***** – се внесува ознаката на општината, на чија територија се вршат активностите за кои е издадена дозвола.**

Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА**

Против ова решение според член 230 од делокруг на водостопански инспектор и постапување според член 234 од Закон за водите, незадоволната странка може да изјави жалба против решението според член 240 од Закон за водите.

Жалба против ова решение може да се изјави во рок од 15 (петнаесет) дена од приемот на решението, доставена до Државната Комисија за одлучување во втор степен од областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка, на следната адреса : Кеј Димитар Влахов бр.4 1000 Скопје.

Според член 37 од Законот за административните такси, според тарифа на административните такси за списите и дејствата кај органите на управата на РСМ, за жалба против решение, за тарифен број 2 се уплатува 250 денари на соодветна уплатна сметка во рамките на трезорската сметка.

Решено во Државен инспекторат за животна средина, со решение број **ИП1- 09-59** од 31.08.2023 година.

**Тони Димески**
Виш водостопански инспектор
Бр.лег. 06-0015

Доставено до :
- Архива
- ДПТУ МИРАНА ДООЕЛ Велес, ул.“ Благој Нечев “ бр.49, 1400 Велес,